**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА

за укинување на првенствено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД – Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции, по пат на одвоено гласање

Скопје, декември 2018 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 339 / 15.12.2016, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата оддржана на 12.12.2018 година, одобри

**ОДЛУКА**

за укинување на првенствено право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД – Скопје и конверзија на приоритетните во обични акции,
по пат на одвоено гласање

1. Се укинува првенственото право на приоритетните акции издадени од Стопанска банка АД – Скопје во вкупен број од 227,444 со номинална вредност од 400.00 денари по акција. Приоритетните акции се конвертираат во обични акции со право на глас.

2. Приоритетните акции се конвертираат во обични акции со право на глас во сооднос од 1 приоритетна акција со номинална вредност од 400.00 денари за 2 обични акции со номинална вредност од 201.1 денари по акција.

3. Одговорните организациони делови од Стопанска банка АД – Скопје се овластуваат да ги превземат сите потребни активности за успешна конверзија во согласност со релевантните закони.

4. Со денот на запишување на конвертираните акции во акционерската книга на Стопанска банка АД – Скопје, правата кои произлегуваат од сопственост на приоритетните акции престануваат да важат и сопствениците на конвертираните приоритетни акции се стекнуваат со права кои произлегуваат од сопственоста на обични акции.

5. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување и ќе се имплементира на денот на добивање на релевантните согласности од надлежните органи.

С.О. бр.
_________2018
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Стопанска банка АД – Скопје (СБ) прими Барање од акционерите сопственици на 9.036 приоритетни акции (12,77% од вкупниот број на приоритетни акции) за организирање на одвоено гласање во рамките на 44-та седница на Собранието на акционери кое е закажано на 12.12.2018. Барателите предлагааат одобрување на Одлука за укинување на првенственото право на приоритетните акции со цел да се изврши конверзија на приоритетните во обични акции во сооднос од 2:1, односно 2 обични акции за 1 приоритетна акција.

Во согласност со домашната регулатива за објавување на ценовно чувствителни информации, Стопанска банка веднаш го објави Барањето на веб-порталот СЕИ-НЕТ на Македонска берза АД Скопје. Дополнително, Надзорниот одбор го разгледа Барањето и ја измени Одлуката за свикување на 44-та седница на Собранието на акционери со што соодветно го дополни Дневниот ред на седницата.

Имајќи предвид дека предлогот ги засега правата и сопственоста на двата рода на акции, ќе се спроведе одвоено гласање од сопствениците на обични и сопствениците на приоритетни акции. Следствено, Предлогот ќе се смета за одобрен само доколку сопствениците на двата рода на акции гласаат позитивно, т.е. ако 2/3 мнозинска согласност се постигне од сопствениците на обични и приоритетни акции претставени на самата седница каде што треба да бидат присутни најмалку претставници/сопственици на 51% од двата рода на акции.

Поднесителите на Предлогот предлагаат трошокот за конверзија, кој се проценува околу 550 илјади денари (вклучително даноци и други трошоци) да биде покриен од акционерите кои ќе бидат присутни/претставени на седницата и ќе гласаат позитивно.

Доколку Предлогот се одобри од страна на Собранието на акционери, надлежните организациски делови на Банката ќе пристапат кон промена на Статутот на Банката и ќе ги превземат сите потребни дејствија за добивање на релевантни согласности од надлежните органи (КХВ, Народна банка на РМ) и реализација на конверзијата на приоритетни во обични акции со право на глас.

**УПРАВЕН ОДБОР**